Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија, согласно член 44 и член 46 став 2 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на ден 01.10.2018 година, го донесе следното

**П Р А В Н О  М И С Л Е Њ Е**

**Работникот има правен интерес со тужба да бара поништување на одлука на работодавачот со која е утврдено постоење на штета причинета од работник на работа или во врска со работа и неговото задолжение штетата да ја надомести.**

О б р а з л о ж е н и е

Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Македонија, по барање на адвокатско друштво, на ден 15.12.2017 година донесе заклучок заради воедначување на судската практика и единствената примена на правото, во врска со правното прашање, дали работникот може да води спор за поништување на одлука на работодавачот во која е утврдено постоење на штета причинета од работникот, да се расправа на Одделот за граѓански дела.

Судиите од Одделот на седницата расправаа по поставеното правно прашање, по што се усвои и правното мислење.

Согласно член 6 став 1 од Законот за судовите, секој има право на еднаков пристап пред судот во заштита на неговите правно засновани интереси.

Според став 2 од истиот член и закон, при одлучувањето за граѓанските права и обврски и при одлучувањето на кривичната одговорност, секој има право на правично и јавно судење во разумен рок пред независен и непристрасен суд основан со закон.

Според член 8 став 1 од истиот закон, судот се повикува на судска ненадлежност само кога со закон изрично е предвидена надлежност за решавање на конкретно барање на друг државен орган.

Согласно член 1 од Законот за парничната постапка ("Службен весник на РМ" бр.79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/10 и 124/15), се уредуваат правилата и постапката врз основа на кои судот расправа и одлучува покрај останатото и во спорови за основните права и обврски на човекот и граѓанинот.

Со оглед на тоа што со одлуката на работодавачот, се утврдува постоењето на штета причинета од работник и се задолжува истата да ја надомести, таа одлука претставува наметнување на обврска од работодавач на работник. За правото на заштита и оценување на законитоста на одлуката со која се наметнува обврска од работодавачот

на работникот, за надомест на причинетата штета не е предвидена надлежност на друг државен орган и не може судот да се повикува на судска ненадлежност со отфрлање на тужба.

Поаѓајќи од содржината на член 82 став 1 точка 5 од Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15 и 129/15 и 129/15), работодавачот може на работникот да му го откаже договорот за вработување без отказен рок ако стори кражба, или во врска со работата намерно, или од крајно невнимание предизвика штета на работодавачот, неспорно може да се заклучи дека постои правен интерес на страна на работникот, како општа процесна претпоставка за водење ваков спор, судот не може да ја отфрли тужбата поради немање на правен интерес.

Ова и од причина што за разлика од Законите за работни односи кои престанале да важат согласно член 271 од Законот за работните односи кој е во сила – примена ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05), овој закон прашањето за надомест на штета причинета од работникот на работа, или во врска со работата на работодавачот, сосема поинаку го има регулирано со член 156 став 1, 2, 3 и 4 од овој закон. Нема други одредби како што беше случај со поранешниот Закон за работните односи, со кој беше предвиден органот за поведување на постапка за утврдување и наплата на штета, правото на приговор до органот утврден со Колективен договор, како и поведување постапка од работодавачот пред надлежниот суд, ако работникот во рок од 3 месеци од конечноста на одлуката, не ја надомести штетата утврдена со одлука на работодавачот (член 7, 10 и 109 од Законот за работните односи – "Службен .весник на РМ" бр.80/03 и сл).

Поаѓајќи од погоре наведеното, може од овој аспект да се заклучи дека правниот интерес на работникот за водење на ваков спор, не може да се доведе во прашање.

Дали тужбата е дозволена меродавни се правилата на процесното право, а за основаноста на тужбеното барање меродавни се правилата на материјалното право.

Постоењето на активна легитимација на работникот во вакви спорови не е процесна претпоставка, туку претпоставка од граѓанско-правна природа, од чие постоење зависи основаноста на тужбеното барање.

Тоа значи дека судовите ваквите тужби може да ги отфрлаат како недопуштени само доколку постојат процесни пречки, инаку треба мериторно да одлучуваат.

**Врховен суд на Република Македонија**
**Оддел за граѓански дела**